АЛТЕРНАТИВНИ ОБВРСКИ

Право на избор

Член 391 Ако некоја обврска има два или повеќе предмети, но должникот е должен да даде само еден за да се ослободи од обврската, правото на избор, ако не е договерено нешто друго, му припаѓа на должникот и обврската престанува кога тој ќе го предаде предметото што го избрал.

Неотповикливост и дејство на извршениот избор

Член 392 (1) Изборот е извршен кога страната на која и припаѓа правото на избор ќе ја извести другата страна за тоа што избрала и од тој момент изборот повеќе не може да се менува. (2) Со извршување на изборот се смета дека обврската од почетокот била едноставна и дека нејзин предмет од почетокот бил избраниот предмет.

Траење на правото на избор

Член 393 (1) Должникот има право на избор се додека во постапката за принудно извршување еден од предметите што се должат не ќе му биде наполно или делумно предаден на доверителот по негов избор. (2) Ако правото на избор му припаѓа на доверителот, а тој не ќе се изјасни за изборот во рокот определен за исполнување, должникот може да го повика да изврши избор и за тоа да му определи примерен рок, по чиј истек правото на избор преминува врз должникот.

Избор доверен на трето лице

Член 394 Ако изборот треба да го изврши некое трето лице, а лицето не го направи тоа, секоја страна може да бара изборот да го изврши судот.

Ограничување на преостанатиот предмет

Член 395 Ако еден предмет на обврска станал невозможен поради некој настан за кој не одговара ниедна страна, обврската се ограничува на преостанатиот предмет

Ограничување во случај на одговорност на една страна

Член 396 (1) Кога еден предмет на обврската станал невозможен поради настан за кој е одговорен должникот, обврската се ограничува на преостанатиот предмет во случај кога правото на избор му припаѓа нему, а ако правото на избор му припаѓа на доверителот, тој може според својот избор да го бара преостанатиот предмет или надомест на штетата. (2) Кога еден предмет на обврската станал невозможен поради настан за кој е одговорен доверителот, обврската на должникот престанува, но во случај нему да му припаѓа правото на избор, тој може да бара надомест на штетата и да ја изврши својата обврска со преостанатиот предмет, а ако правото на избор го има доверителот, тој може да даде надомест на штетата и да го бара преостанатиот предмет.

Отсек 2 ФАКУЛТАТИВНИ ОБВРСКИ И ФАКУЛТАТИВНИ ПОБАРУВАЊА

. ФАКУЛТАТИВНИ ОБВРСКИ Овластување на должникот во факултативна обврска

Член 397 Должникот чија обврска има еден предмет, но му е дозволено да се ослободи од својата обврска давајќи некој друг определен предмет, може да ја користи таа можност се додека доверителот во постапка за принудно извршување не ќе го добие наполно или делумно предметот на обврската.

Овластувања на доверителот во факултативна обврска

Член 398 (1) Доверителот во факултативна обврска може да го бара од должникот само предметот на обврската, но не и друг предмет со кој должникот, ако сака може, исто така, да ја исполни својата обврска. (2) Кога предметот на обврската ќе стане невозможен поради настан за кој должникот одговара, доверителот може да бара само надомест на штетата, но должникот може да се ослободи од обврската давајќи го предметот за кој е овластен да го даде наместо предметот што го должи

.II. ФАКУЛТАТИВНИ ПОБАРУВАЊА

Член 399 (1) Кога со договор или со закон е предвидено дека доверителот може наместо предметот што се должи да бара од должникот некој друг определен предмет, должникот е должен да му го предаде тој предмет, ако тоа го бара доверителот. (2) Во другото за ваквите факултативни побарувања според намерата на договарачите и спрема приликите на работата, важат соодветните правила за факултативните и за алтернативните односи.